**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот** |

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за санација и реконструкција на водоводна и фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата во Општина Чучер Сандево

Скопје,август 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02),а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за санација и реконструкција на водоводна и фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата во Општина Чучер Сандево

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Град Скопје го прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за санација и реконструкција на водоводна и фекална мрежа и санација на улици како резултат на реконструкцијата во Општина Чучер Сандево.

### Член 2

Проценетата вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука изнесува 170.837.166,00 денари со вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со финансирање на реконструкција на водоводна и фекална мрежа и санација на оштетувања на улици кои ќе настанат како резултат на реконструкцијата од член 1 на оваа Одлука, со средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023, 2024 и 2025 година, во висина од 170.837.166,00 денари, со вклучен ДДВ.

Општина Чучер Сандево во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со изготвување на урбанистичко решение односно планска документација, издавање на потребните одобренија односно решенија и решавање на евентуалните имотно правни односи.

Средствата од став 2 на овој член, ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука, согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти или преку јавните претпријатија чиј основач е Град Скопје, односно ЈП Водовод и канализација – Скопје во делот на

реконстрикцијата на водоводната и канализационата мрежа и ЈП Улици и патишта - Скопје во однос на реконструкцијата на улиците.
.

Член 3

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Градот Скопје ќе склучи договор со градоначалникот на Општината Чучер Сандево, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2023година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија"број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" број 79/09), согласно кои Советот на Градот Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општината Чучер Сандево како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на санација и реконструкција на водоводна и фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата во Општина Чучер Сандево, потребни се 170.837.166,00 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од развоен Буџет на Град Скопје за 2023, 2024 и 2025 година.

За реализација на санација и реконструкција на водоводна и фекална мрежа и санација на улици како резултат од реконструкцијата, Град Скопје ќе постапи согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти или преку јавните претпријатија чиј основач е Град Скопје, односно ЈП Водовод и канализација – Скопје во делот на реконстрикцијата на водоводната и канализационата мрежа и ЈП Улици и патишта - Скопје во однос на реконструкцијата на улиците.

Овој предлог за меѓуопштинска соработка произлегува од јавен интерес на граѓаните во месноста Кучевачка Бара и Бел Камен, а имајќи го во предвид фактот дека со водоводната мрежа во тој дел од општината Чучер Сандево стопанисува ЈП Водовод и канализација – Скопје. Имено населбите Кучевичка Бара и Бел Камен се на самата граница на опфат од ГУП - от на Град Скопје и во посочените населби живеат или ја користат како викенд населба поголем број на жители на Градот Скопје кои во изминатиот период се со поплаки во однос на водоводната и фекалната инфраструктура, која е дотраена и нефункционална од причини што на истата не е интервенирано во

некои делови и повеќе од 50 години. За таа цел сметаме дека Градот Скопје е потребно да вложи средства за реконструкција на посочената инфраструктура заради нормално функционирање на жителите во тој дел на населените места.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.